# THE IMPACT OF SCREEN EXPOSURE IN THE LEARNING PROCESS OF CHILDREN

**Beti Denkov**
Bureau for Development of Education, Republic of North Macedonia, bkuzmanovska293@gmail.com, betikuzmanovska@bro.gov.mk

**Abstract:** The modern way of life involves the use of information technology in everyday life, but when digitalization replaces natural stimuli for growth and development, it is certainly reflected in all stages of learning in children, especially in the first three years of life. Speech, communication, language, sensorimotor and mental development, research, experiential learning, play, interaction with the environment, functional child development in all spheres are not only conditioned by biological predispositions but also by stimuli from the environment in which the child lives. If parents, the closest relatives, friends and educators are being replaced in children's communication with smartphones, tablets, laptops, computers, televisions and other digital devices, then ripe conditions are created for the emergence of a functional disorder in children - screen addiction.
To highlight the danger of the seemingly modern harmless habit of using information technology in everyday life from an early age for unproductive purposes and with a negative impact and enormous consequences on the growth, development and quality of life of modern human from infancy to adulthood.
The research is qualitative and longitudinal with an epistemological-ontological and positivist concept. The methods used were theoretical analysis, focus groups, observation and case studies. The data is secondary, researched using ethnography and archival research as techniques.
The results are devastating and directly proportional – the use of more technological devices, the more screen time. More screen time reflects learning difficulties, and often the confusion of screen time with autism. Not only is learning impaired, but the characteristics and behavior of the child are also changed the child: less creativity, inattention, lack of patience, poor concentration, anxiety, disturbed sleep and memory, mood swings, addiction, problems with communication, language, mental development, speech, motor skills, asociality, apathy, escape from reality, need for greater sensory stimulation, etc.
Care of the family, kindergarten/school, society as a whole for the feeling and gradation of value systems, growth of systematic and collective awareness for the youngest, programmatic sustainability in meeting children's needs and interests, development of media culture and inclusion in useful and dosed digital activities.
A practice should be created for children to spend more time with their parents and peers, to be stimulated for physical activities, direct communication, play, experiential learning, to respect rules and to be institutionally recognized and guided to overcome this phenomenon from which Not only children but also adults are equally affected because of the fact that no living word, content, or action can be as colorful, dynamic, diverse, and fast as digital content, especially computer games.
Actualizing screenism as a contemporary phenomenon and introducing it to its consequences at all social levels. Developing awareness and strategies for overcoming the challenges and consequences of screenism. Using efficient methods, techniques, forms of work, activities and content in the teaching of educators/teachers, cooperation with parents and professional services, replacement of the traditional autocratic approach with a modern, democratic one.
**Keywords:** screen-based, effective learning, learning difficulties, reflection.

# РЕФЛЕКСИЈА НА ЕКРАНИЗМОТ ВРЗ ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ КАЈ ДЕЦАТА

**Бети Денков**
Биро за развој на образованието, Република Северна Македонија, bkuzmanovska293@gmail.com, betikuzmanovska@bro.gov.mk

**Резиме:** Современиот начин на живот подразбира користење информатичка технологија во секојдневието но, кога дигитализацијата ги заменува природните стимуланси за раст и развој, тогаш сигурно се рефлектира во сите фази на учење кај децата, посебно во првите три години од животот. Говорот, комуникацијата, јазикот, сензо-моторниот и ментален развој, истражувањето, искуственото учење, играта, интеракцијата со околината, функционалниот детски развој во сите сфери не се условени само од биолошките предиспозиции туку и од дразбите од средината во која живее. Ако родителите, најблиските роднини, другарчињата и воспитувачките се заменуваат во комуникацијата на децата со паметни телефони, таблети, лаптопи,

компјутери, телевизори и други дигитални уреди тогаш се создадени зрели услови за појава на функционалното нарушување кај децата – **екранизам**.
Цел на истражувањето: Да се потенцира опасноста од навидум современата безопасна навика за користење информатичка технологија во секојдневниот живот од најрана возраст во непродуктивни цели и со негативно влијание и огромни последици по растот, развојот и квалитетот на целокупниот живот кај современиот човек од најмала до зрела возраст.
Истражувањето е квалитативно и лонгитудинално со епистемилошко-онтолошки и позитивистички концепт (д-р Андријана Богдановска Ѓ., 2019). Како методи се користени теориска анализа, фокус групи, набљудување и студии на случај. Податоците се секундарни, истражувани со етнографија и архивско истражување како техники (Никола В. Димитров Елизабета Митрева Мимоза Серафимова, 2017).
Резултатите се поразувачки и правопропорционални – користење повеќе технолошки уреди, повеќе екранизам. Повеќе екранизам рефлектира со потешкотии во учењето, а неретко и со мешање на екранизмот со аутизам. Не се нарушува само учењето туку се менуваат особините и однесувањето на детето: помалку креативност, невнимание, недостаток на трпение, слаба концентрација, анксиозност, нарушени сон и меморија, промени во расположението, зависност, проблеми во комуникацијата, јазикот, менталниот развој, говорот, моторните вештини, асоцијалноста, апатија, бегање од реалноста, потреба од поголеми сензорни надразнувања и сл.
Грижа на семејството, детската градинка/училиштето, општеството во целост за чувство и градација на вредносни системи, раст на систематска и колективна свест за најмалите, програмска издржаност за задоволување на потребите и интересите на децата, развој на медиумска култура и вклучување во корисни и дозирани дигитални активности.
Треба да се создава пракса децата да поминуваат повеќе време со родителите и врсниците, да се стимулираат за физички активности, директна комуникација, игра, искуствено учење, да почитуваат правила и институционално да бидат препознаени и насочувани за надминување на овој феномен од кој подеднакво се засегнати не само децата туку и возрасните бидејќи факт дека ниту еден жив збор, содржина, дејство не може да биде толку шарено, динамично, различно и брзо како дигитална содржина, посебно компјутерските игри.
Актуелизирање на екранизмот како современ феномен и запознавање со последиците од него на сите општествени нивоа. Развивање свест и стратегии за надминување на предизвиците и последиците од екранизмот.Користење ефикасни методи, техники, форми на работа, активности и содржини во наставата на воспитувачите/наставниците, соработка со родителите и стручните служби, смена на традиционалниот автократски пристап со современ, демократски.
**Клучни зборови:** екранизам, ефективно учење, потешкотии во учењето, рефлексија.

## 1. ВОВЕД

Современото учење подразбира не само трајни психички промени врз единката како резултат на сопствено искуство или активност туку и примена на современи методи на учење, критичко размислување, интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, а и нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење и континуиран развој на научно-истражувачката дејност. Учењето мора да вклучува европски вредности, инклузија и интеграција, мултикултурни и демократски вредности, иновации и културно-општествени норми и треба да овозможи компетенциите стекнати со процесот на учење да одговараат на пазарот на трудот.
Екразнизмот пак, е функционално нарушување и тоа не само кај децата туку и кај возрасните кој предизвикува промена на расположението, недоволна концентрација и внимание, бегство од реалноста, нарушен сон, послаба меморија, го контролира однесувањето, апатија, намалена самоконтрола, асосијализација и е на ниво на зависности.
Ако двете работи, учењето и екранизмот ги поврземе, од самите дефиниции се насетува рефлексијата, за жал негативна на едното врз другото. Имено, ниту една наставна содржина или секојдневна активност не може да биде толку драматична, брза, интересна како дигиталните содржини, посебно социјалните мрежи и пребарувачите како Google, Youtube, Tik tok, Instagram, WhatsApp, Facebook, Internet и слично, а се лесно достапни за сите возрасти, без санкционирани можности и возрасти. Тоа е причина за децата од најмала возраст уште да се „навлечуваат" на вакви содржини кои за волја на вистината се желба и начин на комуникација која и родителите ја наметнуваат, уште повеќе што и самите се на некој начин „зависници" од паметните телефони, телевизијата и другите дигитални уреди. Па, така бебињата јадат со цртани фимови, заспиваат со приспивни песни пуштени на телефон, лаптоп или таблет, децата наместо да играат со

другарчињата, играат видео игри кои неретко се агресивни, насилни, со изобличени ликови во главните улоги, учениците наместо да читаат книги, решаваат задачи и проблеми, критички да мислат и логички да заклучуваат, да ја развиваат мислата, креативноста, да развиваат вештини, да го збогатуваат речникот, уметнички да се изразуваат, моторички и умствено да растат, да се дружат и играат со другарите, „растат и се развиваат" имагинарно и училишните задачи ги завршуваат со Chat GPT, со пребарувачи за добивање готови содржини или уште почесто ако некој друг тоа го направи наместо нив што е погубно по сите основи. За жал, и родителите не се отпорни на современите зависности и во борбата за егзистенција и потрага по материјални добра, а водени од се површни вредности бидејќи на социјалните мрежи се е бајковито и сјајно па, многу често не приметуваат или касно реагираат за да детектираат и отстранат проблеми во психо – физичкиот развој на своите деца. Понекогаш родителите несвесни за опасностите кои се дигитално предизвикани, горди се колку нивните деца рано употребуваат англиски термини или колку знаат да манипулираат со технолошки уреди (колку се „писмени"). Екранизмот не е дијагноза, функционално нарушување е и вистината е дека генерално се почесто децата почнуваат покасно да говорат, говорат неразбирливо, речникот им е многу слаб и недоличен, имаат говорни мани и имаат потреба од логопед, емотивно се помалку зрели (немаат емпатија), асоцијални се, имаат потешкотии во комуникацијата на сите нивоа, имаат физички недостатоци (искривување на рбетот-кифоза, сколиоза, искривување на стапалата, проблеми со видот, лоша исхрана, прекумерна тежина, мускулна слабост...), психо – социјални проблеми (аутизам, АДХД, психичка заостанатост, анксиозност, депресија, агресија...) итн.

Екранизмот не е нарушување кое настанува наеднаш и функционалните проблеми не се воочуваат лесно.

Под изговор дека тоа е проблем на денешницата и важи подеднакво за сите, родителите посебно треба да внимаваат на овие појави и да се трудат да ги анимираат своите деца на здрав и природен начин, да ги сакаат безусловно и во име на таа љубов да се откажат од нездравите навики, треба да соработуваат со воспитувачите/наставниците и ако има потреба да консултираат стручни лица бидејќи последиците не се наивни, долготрајни и суштествени се.

Ќе ги потенцирам и улогата на воспитувачот/наставникот и стручниите служби во воспитно – образовните установи кои заедно со родителите/старателите треба да се вклучат во процесот на детектирање, опходување и надминување на екранизмот како функционално нарушување. За тоа треба соодветна едукација, професионален и кариерен развој, компетенции, човечки капитал на вредности и способности и многу њубов кон децата и професионалната определба. Треба кредибилитет, интегритет, автономија, социјални, ментални, емоционални и интелектуални вештини за работа со деца/ученици во 21 век. Современиот начин на живот се рефлектира кај сите, во сите сфери и во сите општества, посебно ќе го акцентирам влијанието врз процесот на учење и во оваа прилика за потешкотиите во учењето наспроти придобивките кои ќе бидат потенцирани во следен труд. Како последици на екранизмот врз учењето , а се специфични и атипично невролошки потешкотии ќе ги наведам, а подоцна поопширно ќе ги објаснам: - дислексија, - диспраксија, - дисграфија, - дискалкулија, - АДХД, - нарушувања со аутистичен спектар (Андријана Тасевска, м-р Горица Мицковска, 2017).

Професионалните посети секојдневно на училиштата – основни и средни, детските градинки, центрите за ран детски развој и факултетите ми даваат можност за воочување на се поголемиот број на деца/ученици/студенти засегнати од екранизмот и ми даваат право да пишувам на темава, секако поткрепено и со мојата вокација како советник и доктор по психологија.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Претпоставувам дека екранизмот го зема данокот на современиот живот и негативно се одразува врз учењето кај децата, учениците, студентите но, и возрасните луѓе. Учењето пак, е столб на квалитетот на човечкиот живот во секоја смисла-лична, професионална, морална, материјална, социјална.

Методите кои се користени во истражувањето се:

- **Метод на теориска анализа** – консултирани домашни и странски списанија, сајтови, прирачници, учебници, научни статии, документи, докторски експертизи и сл., но, и искуствена анализа (теренска работа во образовните институции со лични согледувања и заклучоци),
- **Фокус групи** – групни интервјуа со наставници и стручни соработници преку отворени прашања – дискусија за добивање информации околу бројките, потребите, барањата на целната група испитаници,
- **Набљудување** – дистанцирано и објективно набљудување на децата и учениците и нивното однесување и учење за време на наставата при советодавно-стручните увиди во училиштата,

- **Студија на случај** – истражувања и анализа на единечни и повеќе случаи кои се веќе идентификувани и потврдени кај ученици кои имаат проблеми во учењето, а директно се предизвикани од екранизам.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Долготрајната изложеност на екранизација во континуитет се одразува негативно врз мозокот кај сите луѓе особено кај малите деца и се нарекува екранизам. Се смета за современа појава и никој не е заштитен од последиците, напротив секојдневно сите сме „жртви" на екранската фиксација и тоа на ниво на зависност или рефлексија на невролошкото функционирање како системско нарушување – хроничен стрес на мозокот кое се нарекува дигитален аутизам.

Општите пак последици се нарушувања во вниманието, однесувањето, расположениети и кај помладите во учењето. Просечното дете од предучилишна возраст е пред екраните околу три часа дневно (според истражувањата), а не треба да биде изложено на екранизација воопшто до три годишна возраст. Од три години до рано училишна возраст најмногу 30 минути дневно под контола на родителите детето може да гледа едукативни содржини, а децата од училишна возраст не треба да бидат изложени на екранизација повеќе од еден час дневно. Околу половина од родителите свесно им дозволуваат на своите деца користење уреди за да се забавуваат. Повеќе од една третина од родителите веруваат дека електронските уреди се едукативни за децата, а некои родители веруваат дека децата подобро ќе се вклопат со своите врсници доколку користат современи технологии. Родителите исто така многу користат ИКТ во работата и животот воопшто и бидејќи истите се најголеми примери за децата, истражувањата покажуваат дека времето кое родителите и децата го поминуваат пред екраните е тесно поврзано. Сметам дека родителите веќе стануваат свесни колку се штетни екраните за нивните деца но, не се доволно информирани за долгорочните последици врз нивното здравје и учењето. Искуствата укажуваат на тоа дека родителите ги користат екраните и како средство во системот на награди и казни за различни обрасци на однесување кај своите деца. Исто така, образовниот систем форсира употреба на дигитална технологија и дигитални содржини во учењето, а децата тоа го користат на несоодветен начин, небалансирано и без контрола. Притоа прават притисок врз родителите и инсистираат на користење телефони по секоја цена а стручните лица предупредуваат но, немаат стратегија и решение за надминување на опасноста од екранизам.

Екранизмот како појава е многи застапен и раширен па, можеби треба да се размислува во насока за системска т. е општествено – институционална поддршка на децата/учениците, почнувајќи од детските градинки и училиштата како организирани структури од наставници, стручни соработници, раководни лица, родителите и учениците и тоа со укажување на последиците од прекумерно користење дигитална технологија, воведување на такви содржини и активности во наставата, забрана за носење и користење на паметни телефони на часовите и помош доколку веќе состојбата е загрижувачка во однос на екранизацијата со некое дете посебно ако е на ниво на екранизам кој се рефлектира во секојдневното функционирање и учење кај децата/учениците, создавајчи им потешкотии.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Екранизмот секако предизвикува промени во однесувањето кај децата бидејќи веќе нема дете кое не е изложено на многу екранизација, а е последица на современото живеење. Проблеми се јавуваат и во учењето како општи и тие се надминуваат и се контролирани – најчесто невнимание, послаба концентрација, мал фонд на зборови, проблеми при логички математички операции, некоординирани или послаби моторички движења, слабо уметничко/креативно изразување и сл.

Меѓутоа, премногу екранизација се рефлектира и со потешкотии кои се јавуваат во специфични форми и прават премногу проблеми во учењето и тоа најчесто се следните: **ДИСЛЕКСИЈА** – специфични потешкотии во читањето (неразбирање на прочитаното, бавно читање, читањето не е точно ниту течно, потешкотии во гласовната обработка на зборовите – тешко ги воочува римата или ритмиката или тешко ги изговара почетниот, т.е последниот глас иако е свесно за нив, потешкотии во пишувањето – неправилни и необликувани букви, неразбирлив ракопис, неможност за сампостојно составување текст, изменета визуелна перцепција на буквите –доживување дека тие се движат, се губат, се вртат, цели делови од реченицата се губат или претопуваат и детето може да не биде ориентирано во однос на правците десно-лево или горе-долу. Понекогаш потешкотиите во пишувањето одат до неможност детето воопшто да пишува или пишува со многу грешки кои се повторуваат, а не се поврзани со говорот, интелектуалната способност ниту се правописни и оваа потешкотија се нарекува **ДИСГРАФИЈА.**

Потешкотиите со математички операции или математичко учење и покрај нормалниот интелектуален и сетилен развој и оптималните услови се викаат **ДИСКАЛКУЛИЈА.**

Потешкотиите кај детето/ученикот во моториката (постојано движење, немир, слаба контрола, неумешност во активностите и сл.), социо – емоционалниот однос (деструктивност, бес, фрустрираност, нетолеранција, импулсивност, низок социјален статус, неприфатеност од врсниците, непредвидливост и сл.), вниманието (краткотрајно, неселективно, ненасочено и неможност за задржување на внимание), концентрацијата (неможност за концентрација или истата трае кратко), перцепцијата (огледалска латерализација, слаба перцепција на видот и слухот, слаба временска ориентација, слабо или воопшто не ги воочува односите дел-целина) и когнитивниот развој (тешко чита, пишува и математички учи, не памти, нема или има слаба ориентација и нема апстрактно мислење) се означуваат како синдром **АДХД**.

**АУТИЗМОТ** пак е веќе категоризирана од МКФ невролошка состојба и како таква е тема на опсервација на психолози, логопеди – често се невербални или со слаб и неразбирлив говор, дефектолози и психијатри, а се карактеризира како асоцијално, некомуникативно и повторливо однесување. Учат по ИОП (индивидуален образовен план) или модифицирана програма и најчесто се вклучуваат во редовна настава. По категоризацијата им се доделува образовен асистент кој им помага во текот на целодневното училишно учење заедно со наставниците.

Многу е важно како да ја спречиме појавата на екранизам кај децата и како да се справиме со него доколку се појави?!

- Апелирање до родителите колку е важно да го заштитат своето дете од прекумерна екранизација и покажување со личен пример да не се користи или дозирано да се користи ИКТ?!,
- Компетенции на наставниците за индивидуализиран пристап и користење на ИКТ во наставата на издржан, прифатлив, интересен и прилагоден начин,
- Вклучување на стручните служби во откривање, поддршка на наставниците и децата/учениците кои имаат потешкотии во учењето, а се предизвикани од екранизам и надминување на последиците од истиот,
- Стимулирање на децата за дружба со врсниците, спортување, поминување време на отворено, замена на живиот збор со виртуелниот свет,
- Општествена грижа за современите предизвици и медиумска кампања за здрава употреба на ИКТ наместо злоупотреба.

**ЛИТЕРАТУРА**

Avalic, G. (2022). Krive decu sa smetnjama u razvoju da “ometaju” casove, roditelji polako odustaju> Sve komplikacije I problem 14.000 malisana, njihovih roditelja i nastavnika. Достапно на: https://www.telegraf.rs/vesti/srbija/2972489-krive-decu-sa-smetnjama-u-razvoju-da-ometaju-casove-roditelji-polako-odustaju-sve-komplikacije-i-problemi-14000-malisana-njihovih-roditelja-i-nastavnika

Bjelica J., Galić-Jušić I., Pavlić-Cottiero A., Posokhova I., Prvčić I., & Rister M.(2005), Priručnik o disleksiji, disgrafiji i sličnim teškoćama u čitanju, pisanju i učenju, Zagreb.

Kopunovic, D. (2022). Vaspitno obrazovni program. Vrtic po meri deteta. Inkluzivni program. Достапно на: http://starisajt.nasaradost.edu.rs/yu/program/vrtic-po-meri-deteta.html

Living Democracy (2023). Детските права илустрирани(картички за детските права), Детските права и правото на образование 10-Living Democrasy, Групирање на детските права во четири димензии. Достапно на: https://www.living-democracy.com/mk/textbooks/.

Marinkovic, D. (2019). Inkluzija dece sa posebnim potrebama. Sizifov posao. Достапно на: https://jugmedia.rs/inkluzija-dece-sa-posebnim-potrebama-sizifov-posao/

Milosevic, L. (2021). Socijalna inkluzija – pruzimo ruku roditeljima dece sa smetnjama u razvoju. Достапно на: https://socijalnoukljucivanje.gov.rs/sr/%d1%81%d0%be%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%bb%d1%83%d0%b7%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d1%83%d0%b6%d0%b8%d0%bc%d0%be-%d1%80%d1%83%d0%ba%d1%83-%d1%80%d0%be/

UNICEF (2022). Convention on the Rights of the Child (1989). Достапно на: https://www.unicef.org/child-rights-convention/convention-text

Барбареев, К., & Ташкова, Е. (2018). Методика на воспитно – образовната работа по развој и култура на говорот кај децата од 3 – 8 години, Штип-Република Северна Македонија

Министерство за образование и наука (2021). Национални стандарди за основното образование. Достапно на: http://osnovnoobrazovanie.mon.gov.mk

Тасевска А., & Мицковска Г. (2017). Поддршка на учениците со потешкотии во учењето, Прирачник за стручни соработници во основните училишта, Скопје. https://www.mcgo.org.mk/pub/Priracnik_za_poddrska_na_ucenici_so_poteskotii_vo_ucenjeto_MK.pdf

https://ooublazekoneski.edu.mk/wp content/uploads/2021/03/%D0%A1%D0%9F%D0%95%D0%A6%D0%98%D0%A4%D0%98%D0%A7%D0%9D%D0%98-%D0%9F%D0%9E%D0%A2%D0%95%D0%A8%D0%9A%D0%9E%D0%A2%D0%98%D0%98-%D0%92%D0%9E-%D0%A3%D0%A7%D0%95%D0%8A%D0%95%D0%A2%D0%9E-converted-compressed.pdf
http://pharmanews.mk/ekranizam-masovna-epidemija-opasna-po-detskiot-razvoj/
https://deca.mk/ekranizmot-e-slichen-na-autizmot-deteto-razviva-vnatreshni-svetovi/
https://www.razgovor.mk/2024/07/26/ekranizam-ka%D1%98-decza-vli%D1%98ani%D1%98a-riziczi-i-preporaki-za-zdrav-razvo%D1%98/
https://www.crnobelo.com/zivot/semejstvo/109727-shto-e-ekranizam-kaj-decata-i-koi-se-prvite-simptomi
https://globaleducationtesting.com/mk/signs-of-learning-difficulties-in-primary-school-years-ages-6-11/
https://calculateproject.eu/mk/specificni-teshkotii/
https://www.britishcouncil.mk/sites/default/files/top_10_soveti_za_inkluzija.pdf
https://pedijatar.mk/ovie-znatsi-ukazhuvaat-deka-deteto-ima-problemi-na-uchilishte/
https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/2196/1/%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%86%D0%B8%D1%84%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B8%20%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B8%20%D0%B2%D0%BE%20%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%9A%D0%B5%D1%82%D0%BE.pdf